**ФОНДАЦИЈА ЗА МЕДИУМИ И ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО**

**МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ Скопје**

**Финансиски извештаи за годината која завршува на 31 Декември 2020 и**

**Извештај на независниот ревизор**

Март 2021, Скопје

Тел. +389 2 3117 888
Факс. +389 2 3117 999
www.bdo.mk

11 Октомври бр. 86-1/1
1000 Скопје
Република Северна
Македонија

До:

Раководството на

**ФОНДАЦИЈА ЗА МЕДИУМИ И ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО
МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ**

**СКОПЈЕ**

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Фондацијата за медиуми и граѓанско општество „Македонски Институт за Медиуми“ (во понатамошниот текст Фондацијата), кои што го вклучуваат Билансот на состојба на ден 31 декември 2020 година, како и на Билансот на приходи и расходи и Извештајот за промени во деловниот фонд за годината која завршува на тој ден и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

***Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи***

Менаџментот на Фондацијата е одговорен за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ревизијата ја спроведовме во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија објавени и прифатени во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама и грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни со околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

Тел. +389 2 3117 888
Факс. +389 2 3117 999
www.bdo.mk

11 Октомври бр. 86-1/1
1000 Скопје
Република Северна
Македонија

До:

Раководството на

**ФОНДАЦИЈА ЗА МЕДИУМИ И ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО
МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ**

**СКОПЈЕ**

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжува)

***Мислење на ревизорот***

Според нашето мислење, приложените финансиски извештаи на Фондацијата за медиуми и граѓанско општество „Македонски Институт за Медиуми“ Скопје ја прикажуваат реално и објективно во сите значајни аспекти, финансиската состојба на Фондацијата на ден 31 декември 2020, како и резултатите на нејзиното работење и промените во фондовите за годините кои завршуваат на тој ден, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа.

Скопје, 8 март 2021 година

Друштво за ревизија БДО ДОО Скопје

Овластен ревизор
Звонко Кочовски

Управител
Драган Димитров

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**
**за годината која завршува на 31 декември 2020 и 2019**
**во илјади денари**

| | Белешка | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| Приходи од донации | 4 | 20.142 | 19.989 |
| Останати приходи | 5 | 11.481 | 7.821 |
| Приходи од финансирање | 6 | 50 | 16 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | | **31.673** | **27.826** |
| Оперативни расходи | 7 | (23.832) | (18.922) |
| Капитални расходи | 8 | (24) | (86) |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | | **(23.856)** | **(19.008)** |
| **Вишок на приходи над расходи** | | **7.817** | **8.818** |
| Данок на добивка | | (17) | - |
| **Вишок на приходи над расходи по оданочување** | | **7.800** | **8.818** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

Приложените финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Фондацијата на ден 22 февруари 2021 година и се потпишани во негово име од страна на:

Извршен Директор
Билјана Петковска

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**
**за годината која завршува на 31 декември 2020 и 2019**
**во илјади денари**

| | Белешки | 31 декември 2020 | 31 декември 2019 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 9 | 360 | 525 |
| | | **360** | **525** |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања од купувачи | 10 | 2.204 | 4.661 |
| Останати тековни средства и АВР | 11 | 239 | 958 |
| Пари и парични еквиваленти | 12 | 7.831 | 8.818 |
| | | **10.274** | **14.437** |
| **ВКУПНИ СРЕДСТВА** | | **10.634** | **14.962** |
| **ОБВРСКИ И ДЕЛОВЕН ФОНД** | | | |
| **Деловен фонд** | | | |
| Деловен фонд | 13 | 360 | 525 |
| Вишок на приходи над расходи | | 7.800 | 8.818 |
| | | **8.160** | **9.343** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачите | 14 | 224 | 871 |
| Останати тековни обврски и ПВР | 15 | 2.250 | 4.748 |
| | | **2.474** | **5.619** |
| **ВКУПНО ДЕЛОВЕН ФОНД И ОБВРСКИ** | | **10.634** | **14.962** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ДЕЛОВНИОТ ФОНД**
**за годината која завршува на 31 Декември 2020 и 2019**
**во илјади денари**

| | Деловен фонд | Резервен фонд | Разлика меѓу приходи и расходи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 01 јануари 2019** | **644** | **-** | **4.015** | **4.659** |
| Пренос на вишокот на приходи над расходи од претходен период | - | - | (4.015) | (4.015) |
| Отпис на основни средства | - | - | - | - |
| Набавка на основни средства | 86 | - | - | 86 |
| Амортизација | (205) | - | | (205) |
| Вишок на приходи над расходи | - | - | 8.818 | 8.818 |
| **Состојба на 31 декември 2019** | **525** | **-** | **8.818** | **9.343** |
| Пренос на вишокот на приходи над расходи од претходен период | - | - | (8.818) | (8.818) |
| Отпис на основни средства | - | - | - | - |
| Набавка на основни средства | 24 | - | - | 24 |
| Амортизација | (189) | - | - | (189) |
| Вишок на приходи над расходи | - | - | 7.800 | 7.800 |
| **Состојба на 31 декември 2020** | **360** | **-** | **7.800** | **8.160** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.